

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**5-19 септ 2024 Билтен бр. 572**

# НОВО ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛАТОТО ВО ДВОРОТ НА ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“

**Во рамки на програмата на секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, изминатиов период беше извршено партерно уредување на платото во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“, во урбаната заедница Карпош 4. Градежните активности ги изведуваше Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги „АТЕА ФЕМИЛИ“ ДООЕЛ, Зелениково.**



# НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ТАФТАЛИЏЕ 2

**Во рамки на Програмата на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, започна поставување на ново улично осветлување на улица Лондонска, пред објектот број 10. Во таа насока, се поставуваат шест столба со висина од 5.5 метри и девет лед светилки од 35 вати, кои ќе ги задоволат потребите на граѓаните за непречено извршување на своите активности, како и вечерните прошетки.**
**„За таа цел, ќе работиме и на унапредување на годишната предлог-програма за еднакви можности меѓу жените и мажите во Општината, која ќе влезе и во рамки на претстојниот Буџет на локалната самоуправа“- потенцираше Јакимовски.**



# ОБУКА НА ЦРВЕН КРСТ ЗА СПАСУВАЧКАТА ЕДИНИЦА НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во рамки на Центарот за обука и едукација на Црвениот крст "Солферино" во Струга, се одржа петдневната обука за безбедност на отворени води. Едукативната обука е наменета за единаесетмината вработени во локалната самоуправа, кои се дел од просторната единица за заштита и спасување при Општина Карпош.**

**Имено, професионалната обука ја спроведува инструкторот за безбедност на отворени води на Црвен крст, Дејан Јонузоски, кој воедно е и вработен во Општина Карпош. Спасувачкиот тим ќе се стекне со нови теоретски и практични знаења за спасување на отворени и затворени води, справување и евакуација на населението при евентуални природни непогоди како земјотрес, поплави и пожари.**

**Меѓу другото, стручниот тим на Општина Карпош ќе се обучи за делење на хуманитарна помош и пружање на неодложна прва медицинска помош. Општина Карпош е првата локална самоуправа во Република Македонија, која располага со сопствена единица за заштита и спасување.**



# КРАК ОД УЛИЦАТА „ТЕОДОСИЈ СИНАИТСКИ“ ДОБИ НОВ АСФАЛТ

**Денеска беа реализирани завршните работи поврзани со асфалтирање на крак од улицата „Теодосиј Синаитски“ во населбата Жданец. Станува збор за финализирање на првата фаза на овој коловоз во должина од 400 метри и просечна широчина од 5,5 метри. По целата должина на улицата се поставени и нови рабници а за реализација на овој зафат, Општина Карпош издвои од својот буџет парични средства во висина од 5.500.000 денари. Изведувач на комуналните работи е фирмата „Филип инженеринг“.**

**Инаку во овој реон е целосно реконструирана и улицата „Козле 3“, а откако ќе биде реализирана и втората фаза од улицата „Теодосиј Синаитски“, се преминува кон реконструкција на двата коловозни крака кои водат кон резервоарите за вода во населбара Жданец. Тоа значи дека овој реон ќе биде целосно уреден во поглед на инфраструктура, фекална канализација, како и ново штедливо лед-осветлување. Локалната самоуправа ја реализира оваа иницијатива со оглед на тоа што во оваа населба според урбанистичкиот план треба да се градат околу 150 нови куќи. Тоа значи дека Општина Карпош предвреме ја прави инфраструкрурата за да може да постави стандарди за квалитетно живеење на сите граѓани коишто ќе живеат во овој дел на општината.**



# ДОБИТНИЦИ НА СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| РЕДЕН БР. | ДАТУМ | АРХИВСКИ БРОЈ | ИМЕ ПРЕЗИМЕ И СПОРТ | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. | БОДОВИ | ЗАБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 06.09.2024 | 55-6325/1 | Ведра Гирова (Бадминтон) | ООУ Братство | VIII | 3.5 | Прва к |
| 2. | 05.09.2024 | 55-6249/1 | Лазар Саздов (Бадминтон) | ООУ Братство | IX | 3.5 | Прва к |
| 3 | 05.09.2024 | 55-6266/1 | Лиа Кајев (Коњички спортови) | ООУ Братство | IX | 6 | Прва к |
| 4. | 06.09.2024 | 55-6301/1 | Тамара Трифуноска (Пливање) | ООУ В. Тасевски | IX | 18 | Прва к |
| 5. | 06.09.2024 | 55-6299/1 | Анџела Стоилковска (Кик бокс) | ООУ В. Тасевски | VIII | 3 | Прва к |
| 6. | 04.09.2024 | 55-6223/1 | Јована Божиновска (Бадминтон) | ООУ В. Тасевски | IX | 3.5 | Прва к |
| 7. | 04.09.2024 | 55-6194/1 | Ања Боев (Спортски танци) | ООУ В.Тасевски | IX | 12 | Прва к |
| 8. | 03.09.2024 | 55-6189/1 | Теа Трајковска (Кошарка) | ООУ В.Тасевски | IX | 3 | Прва к |
| 9. | 02.09.2024 | 55-6141/1 | Мила Николова (Карате) | ООУ В.Тасевски | VIII | 6 | Прва к |
| 10. | 05.09.2024 | 55-6261/1 | ВарвараАтанасовска (Атлетика) | ООУ В.Тасевски | IX | 3,5 | Прва к |
| 11. | 04.09.2024 | 55-6224/1 | Виктор Поленак (Бадминтон) | ООУ В.Чернодрински | IX | 3 | Прва к |
| 12. | 04.09.2024 | 55-6210/а | Ивана Божиновска (Тенис) | ООУ В.Чернодрински | VIII | 1,5 | Втора |
| 13. | 06.09.2024 | 55-6237/1 | Бистра Груевска (Триатлон) | ООУ В.Чернодрински | VIII | 12 | Прва |
| 14. | 06.09.2024 | 55-6318/1 | Симон Танчевски (Спортско качување) | ООУ В.Чернодрински | VIII | 3 | Прва |
| 15. | 06.09.2024 | 55-6304/1 | Матеја Смолиќ (Пинг понг) | ООУ Ј.А.Коменски | IX | 3 | Прва |
| 16. | 06.09.2024 | 55-6286/1 | Дарија Панева (Пливање) | ООУ Ј.А.Коменски | VIII | 1 | Втора |
| 17. | 03.09.2024 | 55-6165/1 | Дарјан Пановски (Тенис) | ООУ Ј.А.Коменски | VIII | 0,5 | Втора |
| 18. | 06.09.2024 | 55-6288/1 | Анабела Гиновска (Кошарка) | ООУ Ј.А.Коменски | IX | 3 | Прва |
| 19. | 05.09.2024 | 55-6268/1 | Миа Авиа (Кошарка) | ООУ Лазо Трповски | IX | 3 | Прва |
| 20. | 04.09.2024 | 55-6221/1 | Леон Тасевски (Бадминтон) | ООУ Петар Поп Арсов | VIII | 6 | Прва |
| 21. | 05.09.2024 | 55-6270/1 | Анисиа Георгиевска (Атлетика) | ООУ Петар Поп Арсов | VIII | 4 | Прва |
| 22. | 05.09.2024 | 55-6258/1 | Стефани Мицкоска (Џудо) | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 6 | Прва |
| 23. | 04.09.2024 | 55-6213/1 | Бојдан Андоновски (Пливање) | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 3,5 | Прва |
| 24. | 05.09.2024 | 55-6275/1 | Никола Блажевски (Кошарка) | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 3 | Прва |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25. | 04.09.2024 | 55-6202/1 | Теодор Спировски (Спортска гимнастика) | ООУ Х.Т.Карпош | IX | 0,5 | Втора к |
| 26. | 03.09.2024 | 55-6170/1 | Филип Андоноски (Фудбал) | ООУ Х.Т.Карпош | IX | 3 | Прва ка |
| 27. | 06.09.2024 | 55-6287/1 | Мартин Ничевски (пливање) | ООУ ДимоХ.Димов | VIII | 1 | Втора к |
| 28. | 06.09.2024 | 55-6278/1 | Павел Николовски (спортско качување) | ООУ Димо Х.Димов | IX | 3 | Прва ка |
| 29. | 06.09.2024 | 55-6294/1 | Даниел Милошевски (пливање) | ООУ Димо Х.Димов | IX | 21 | Прва ка |
| 30. | 06.09.2024 | 55-6282/1 | Лео Гацов (карате) | НОВА | IX | 3 | Прва ка |
| 31. | 06.09.2024 | 55-6283/1 | Тео Гацов (карате) | НОВА | IX | 3 | Прва ка |
| 32. | 05.09.2024 | 55-6254/1 | Леа Ѓорѓевска (Џиу џица) | ИПС | IX | 3 | Прва ка |
| 33. | 05.09.2024 | 55-6269/1 | Даријан Калеников (Триатлон) | ИПС | VIII | 0,5 | Втора к |
| 34. | 05.09.2024 | 55-6255/1 | Лина Ѓорѓевска (Џиу џица) | ИПС | IX | 3 | Прва ка |

## ФОРМИРАЊЕ НА ЗДРАВИ ЖИВОТНИ ЗАЕДНИЦИ



Под мотото „Имунизација за здрави заедници“, жените лидерки од Општина Карпош го одржаа вториот по ред Форум на заедницата во просториите на Факултетот за туризам и менаџмент.

Проектот се спроведува во патнерство со Регионалната канцеларија на СЗО и со поддршка од Американската агенција за развој УСАИД. По завршувањето на обуката на жените лидерки од општина Карпош, денеска се вклучи и пошироката јавност во локалната самоуправа.

Во рамки на Форумот, свое обраќање имаше д-р. Специјалист по општа медицина, Соња Ралева, ЈЗУ Здравствен Дом – Скопје, Диспанзер за имунизација и превенција.

Таа ги запозна присутните претставници од основните училишта, предучилишни установи заинтересирани родители и граѓани од Општина Карпош со главните карактеристики и симптоми на зараза со ХПВ и морбили, кои се последиците од избегнување на редовната имунизација, како и митовите поврзани со неа.

Низ јавна дебата се потенцираше потребата од континуирана едукација на населението, отвореноста и поддршката на Општина Карпош и како најважно, апелот до граѓаните редовно да ги вакцинираат децата и учениците со цел да изградиме здрава средина и здраво општество.

Ниските стапки на вакцинација од ХПВ се причина за пораст на бројот на заболени девојки и жени од канцер на грло на матката, додека морбилите се опасни по живот за невакцинираните деца.